

# Општи услови

## За користење на онлајн услугите и e-mail сервисите на Македонски Телеком АД - Скопје

Сподели доживувања

# Содржина

Општи услови за користење и безбедност на онлајн услугите и e-mail сервисите на Македонски Телеком 4

1. Предмет на општите услови 4
2. Опис на онлајн услугите и e-mail сервисите 4
3. Корисник на e-mail сервисите на Македонски Телеком АД - Скопје 6
4. Обврска за регистрација на корисникот на онлајн услугите 7
5. Корисничко име, лозинка, безбедност 8
6. Користење на e-mail сервисите и онлајн услугите на Македонски Телеком АД - Скопје, правила на однесување 9
7. Содржина и однесување на Македонски Телеком АД - Скопје 12
8. Општи практики во врска со употреба и чување на e-mail акаунти 13
9. Блокирање и укинување 16
10. Промени на услугата 17
11. Ограничување од одговорност 18
12. Непризнавање на гаранции 18
13. Посебни предупредувања при користење на e-mail сервисите 20
14. Оштета 21
15. Известување 22
16. Завршни одредби 22

Политика на Македонски Телеком АД - Скопје за Anti spam (спречување на несакана електронска пошта) 24

1. Општи одредби 24
2. Посебни одредби 26
3. Завршни одредби 26
4. Како да се пријави несакана електронска пошта 27

Политика за приватност на податоците при користење на e-mail сервисите и онлајн услугите на Македонски Телеком (Политика за приватност) 28

1. Предмет на политика за приватност 28
2. Собирање информации 29
3. Употреба, споделување и откривање на информациите 30
4. Користење на cookies 32
5. Контрола на вашите e-mail акаунти и вашите информации 33
6. Доверливост и безбедност 34
7. Контролирање на „Spam” или несакана електронска пошта 34
8. Промена на политиката за приватност 35
9. Информации и контакти 35

# Општи услови за користење и безбедност на онлајн услугите и e-mail сервисите на Македонски Телеком

## 1. Предмет

1. Предмет на Општите услови за користење и безбедност на онлајн услугите и e-mail сервисите на Македонски Телеком се условите и обврските за безбедносно користење на e-mail сервисите и онлајн услугите на Македонски Телеком АД, со кои се уредуваат односите меѓу Македонски Телеком АД (Македонски Телеком или Операторот) и корисникот (Корисник) на e-mail сервисите и онлајн услугите (понатаму во текстот „Услуга“) на Македонски Телеком.

2. Македонски Телеком има право повремено да ги ажурира и надополнува Општите услови, соодветно на модификациите и усовршувањето на e-mail сервисите и онлајн услугите на Македонски Телеком, без претходно известување. Најновата верзија на Општите услови можете да ја погледнете во било кое време на следниот линк: http://t-home.mk/, во делот Упатства од секцијата Корисничка поддршка. За измените на Општите услови, корисникот ќе биде известен по направените ажурирања и надополнувања.

## 2. Опис на онлајн услугите и e-mail сервисите

Електронска пошта, скратено e-mail, е порака во форма на текст, звук или слика која е пренесена преку јавна комуникациска мрежа и која може да биде зачувана во мрежата или терминалната опрема на примателот се додека примателот не ја преземе. Електронска адреса,скратено e-mail адреса т.е. e-mail акаунт е адреса преку која се

примаат и испраќаат пораките.
Корисникот ја дефинира својата e-mail адреса со Корисничкото име (Username) и Лозинка (Password).

1. Со прифаќање на Општите услови, Македонски Телеком им овозможува на корисниците:

- Креирање и користење на сопствен e-mail акаунт (адреса) кој се користи за лични потреби во интернет комуникацијата, со обезбедена заштита и безбедност, дефинирани во Општите услови и Политика за приватност на податоците при користење на e-mail сервисите и онлајн услугите на Македонски Телеком (Политика за приватност).
- Веб страница која овозможува e-mail комуникација и преглед на e-mail акаунтот преку интернет прелистувач. Најавувањето се врши на страницата http://www.webmail.t-home.mk за Webmail услугата т.е. https://www.mail.imenafirma.com.mk за услугата Хостирана деловна пошта, со внесување на корисничкото име и лозинката. На истите страници може да се погледнат Упатствата за користење на овие e-mail услуги.
- Користење на e-mail акаунт со помош и на други комуникациски e-mail апликации (клиенти). Упатствата за подесување на поддржаните e-mail клиенти можат да се најдат на веб страниците за најава на e-mail услугите.
- Користење на онлајн услугите

2. Корисникот разбира и прифаќа дека Webmail услугата и онлајн услугите се обезбедуваат “AS-IS” (какви што се) и дека Македонски Телеком не превзема никаква одговорност за навременоста, бришењето, погрешната достава или неуспешното зачувување на било каква комуникација или лични подесувања на корисникот.

3. За услугата Хостирана деловна пошта, Македонски Телеком ќе обезбеди се што е во

негова можност за да испорача услуга согласно функционалностите и квалитетот на истата дефинирани во корисничкото барање за нејзино користење. Македонски Телеком се оградува од обезбедување на функционалностите и квалитетот на услугата Хостирана деловна пошта на страната на Клиентот (најразлични софтверски алатки, клиентски подесувања, конфигурации на интернет конекцијата и слично можат да го деградираат или да го оневозможат нејзиното функционирање).

## 3. Корисник на e-mail сервисите на Македонски Телеком

Корисник на e-mail сервисите на Македонски Телеком е:
1. Секој редовен претплатник на услуга на Македонски Телеком која вклучува и e-mail акаунт на Webmail услугата.

2. Било кое физичко или правно лице кое има регистрирано e-mail акаунт на Webmail услугата, кој не е дел од услуга на Македонски Телеком
- Корисник на сопствена бесплатна e-mail адреса од следниов облик username@t-home.mk
- Корисник на хостинг простор на Македонски Телеком со кој се обезбедува сопствен домен imenafirma.com.mk и одреден број на e-mail адреси од следниов облик username@imenafirma. com.mk

3. Секое правно лице кое е редовен претплатник на услугата Хостирана деловна пошта.

## 4. Обврска за регистрација на корисникот на онлајн услугите

1. Во врска со користењето на Услугите, корисникот изјавува дека има право да стапува во обврзувачки договор и дека не е лице на кое му е забрането да ги прима услугите во согласност со законите на РМ или друго применливо законодавство.

2. Корисникот е согласен да:
   а. обезбеди вистинити, точни, ажурирани и целосни информации за себе како што се наведени во Формуларот за регистрација на услугата (во понатамошниот текст "Податоци за регистрирање"), и
   б. да ги одржува и навремено да ги ажурира Податоците за регистрирање за истите да бидат вистинити, точни, ажурирани и целосни.

3. Доколку корисникот обезбеди какви било информации кои се невистинити, неточни, неажурирани или нецелосни, или Македонски Телеком има разумна основа да се сомнева дека таквите информации се невистинити, неточни, неажурирани или нецелосни, Македонски Телеком има право да го блокира или да го укине неговиот акаунт и да одбие какво било и целосно сегашно или идно користење на кој било дел од истите. Проследени ќе бидат само правилно и целосно пополнетите формулари .

4. Податоците за регистрација и одредени други информации за корисникот се предмет на Политиката за приватност на Македонски Телеком. Корисникот разбира дека преку користењето на Услугите е согласен со прибирањето и користењето (како што е дефинирано во Политика за приватност на овие информации, вклучувајќи го и трансферот на овие информации во РМ и/или други земји за чување, обработка и користење од страна на Македонски Телеком).

# 5. Корисничко име, лозинка и безбедност

1. При процедурата за регистрирање на e-mail сервисите и онлајн услугите на Македонски Телеком Корисникот ќе добие корисничко име и лозинка кои служат за авторизиран пристап на e-mail сервисите на Македонски Телеком, со што е должен да ги чува од неовластена употреба од страна на трети лица.

2. Корисникот е одговорен за одржување на доверливоста на корисничкото име и лозинката и е целосно одговорен за сите активности кои произлегуваат од неговото корисничко име и лозинка

3. Корисникот е согласен
   а. веднаш да го извести Македонски Телеком за какво било сомневање за неовластено користење на неговата лозинка или акаунт или какво било прекршување на безбедноста од трети лица, и
   б. да осигури дека се одјавил од својот акаунт на крајот од секоја сесија (користење на акаунтот).

4. Македонски Телеком не може и нема да се смета за одговорен за било каква загуба или штета која произлегува од непочитување на Дел 5. За повеќе информации погледнете ја целосната Политика за приватност која е дел од овој документ.

## 6. Користење на e-mail сервисите и онлајн услугите на Македонски Телеком, Правила на однесување

1. Корисникот потврдува дека е запознаен со правилата на однесување и дека со тоа ги прифаќа обврските, при користењето на e-mail услугите, да се придржува кон истите. Исто така, се обврзува да ги применува и да ги заштитува постапките и програмите пропишани од страна на Македонски Телеком коишто се достапни на веб страниците на Македонски Телеком: www.webmail.t-home.mk и https://www.mail.imenafirma.com.mk.

2. Корисникот разбира дека сите информации, податоци, текстови, софтвер, музика, звук, фотографии, графика, видео, пораки или други материјали („Содржина"), независно од тоа дали е јавно објавена или приватно пренесена, се единствена одговорност на лицето од каде потекнува таквата Содржина. Ова значи дека корисникот, а не Македонски Телеком, е целосно одговорен за целокупната Содржина која корисникот ќе ја внесе, објави, испрати преку e-mail, пренесе или стави на располагање преку Услугата.

3. Следново особено се забранува и претставува повреда на Општите услови за користење и безбедност на онлајн услугите и e-mail сервисите на Македонски Телеком:

i. објавувањето или пренесувањето на податоци спротивно на важечките прописи, односно објавувањето или пренесувањето на неточни, непотполни и навредливи податоци за кои се знае или би можело да се знае дека се неточни/непотполни/навредливи, а кои со користењето можат да му наштетат на Македонски Телеком или на трети лица.

ii. објавување или пренесување на промотивен и рекламен материјал кој содржи лажни информации, залажувачки наводи и тврдења, односно испраќање на рекламен или промотивен материјал на други лица без нивно барање и

одобрување, вклучувајќи и испраќање на несакани електронски пораки (spam e-mail);

iii. објавување тајни податоци на други физички или правни лица;
iv. објавување, праќање или пренесување содржини кои нудат услуги или производи во форма на синџир на писма;
v. користење на интернет услугите на Македонски Телеком на кој било начин кој би можел да го загрози системот и работата на интернет услугата на Македонски Телеком.
vi. вознемирување по пат на електронска пошта во која била форма;
vii. повреди на малолетни лица на каков било начин;
viii. креирање или проследување на синџир на среќа;
ix. праќање на големи количини несакани или небарани електронски пораки на една корисничка сметка (mail bom bing);
x. лажно претставување;
xi. погрешно прикажување на насловот на пораката;
xii. неавторизиран обид односно остварување на пристап на туѓа корисничка сметка или на ресурсите на туѓи сметачи.
xiii. неовластено давање на употреба на корисничкото име на другите лица;
xiv. работи кои на другите корисници им оневозможуваат нормално користење на интернет услугите на Македонски Телеком (denial-of-service);
xv. праќање на пораки на Usenet или на други групи, форуми или маилинг листи кои не одговараат тематски (news spam);
xvi. дистрибуирање на лажни податоци за мрежата;
xvii. користење на интернет услугите на Македонски Телеком за незаконски цели;
xviii. преземање работи и активности спротивно на начелата на однесување на интернет (Netiquette);
xix. фалсификување информации за фајлот или преносот или друг начин на манипулирање со идентификатори со цел прикривање на потеклото на било

каква Содржина пренесена преку Услугите;

xx. прикачување (upload), објавување, испраќање преку e-mail, пренос или ставање на располагање на каков било материјал кој содржи софтверски вируси или други компјутерски кодови, фајлови или програми дизајнирани да ја попречат, уништат или ограничат функционалноста на кој било компјутерски софтвер или хардвер или телекомуникациска опрема;

xxi. попречување или прекинување на Услугата или серверите или мрежите поврзани со Услугата, или непочитување на какви било барања, процедури, политики или регулативи на мрежите поврзани со Услугата;

Корисникот ги сноси сите одговорности за законитоста, содржината, квалитетот и вистинитоста на информациите, апликациите, податоците, аудио и видео записите, како и сите други материјали кои ги понудува и се достапни по пат на интернет услугите на Македонски Телеком, интернет или e-mail. Корисникот треба да ја процени употребата на Содржината и ги сноси сите ризици што произлегуваат од истата, вклучувајќи ја и веродостојноста на точноста, целосноста или корисноста на Содржината.

Корисникот се обврзува дека ќе ги користи заштитените содржини на интернет (copyright, trademark, intelectual property rights) во согласност со важечките прописи на Република Македонија, со што нема да ги користи, објавува или праќа без согласност на сопственикот на содржината. Строго се забранува каква било целосна или делумна, неовластена репродукција, објавување, дополнителна дистрибуција или јавно изложување на материјалите овозможени со Услугата.

# 7. Содржина и однесување

1. Македонски Телеком не сноси никаква одговорност за целокупната Содржина која корисникот ќе ја внесе, објави, испрати преку e-mail, пренесе или стави на располагање преку Услугата.

2. Македонски Телеком не ја контролира Содржината објавена преку Услугата и како таква не ја гарантира точноста, интегритетот или квалитетот на таквата Содржина.

3. Под никакви околности Македонски Телеком нема на каков било начин да се смета за одговорен за каква било Содржина, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на какви било грешки или пропусти во Содржината, за каква било загуба или штета настаната како резултат на користењето на каква било Содржина објавена, испратена преку e-mail, пренесена или ставена на располагање на каков било начин преку Услугата.

4. Македонски Телеком и соодветните назначени лица имаат право, во случај на поднесен приговор од страна на корисник, да отстранат каква било содржина која ги прекршува Условите на услугата или е навредлива на друг начин.

5. Корисникот потврдува, одобрува и се согласува дека Македонски Телеком може да има пристап, да ги чува и да ги открие содржината и информациите на акаунтот, доколку тоа е наложено со закон или со одлука на надлежен државен орган, а особено доколку таквиот пристап, чување или откривање е разумно неопходно со цел:
   а. придржување кон законските прописи;
   б. примена на Условите на услугата;
   в. одговор на тврдења дека која било содржина ги прекршува правата на трети страни;
   г. одговор на барања на корисникот за кориснички услуги, по претходна согласност/

барање на корисникот или
д. заштита на права, имот или лична безбедност на Македонски Телеком, неговите корисници и јавноста.

6. Корисникот разбира дека техничкото процесирање и пренос на Услугата, вклучувајќи ја и содржината, може да вклучува (а) пренос преку различни мрежи и (б) промени за усогласување и прилагодување на техничките барања за поврзување на мрежи или уреди.

7. Корисникот разбира дека Услугата и софтверот содржани во Услугата може да вклучуваат безбедносни компоненти кои дозволуваат заштита на дигиталните материјали, при што користењето на овие материјали е предмет на правилата за употреба поставени од страна на Македонски Телеком и/ или правилата за употреба содржани во Услугата.

## 8. Општи практики во врска со употребата и чувањето на e-mail акаунти

1. Корисникот е свесен дека Македонски Телеком може да воспостави општи практики и ограничувања во врска со употребата на Услугата, вклучувајќи го тука, без какви било ограничувања, и следново:
а. максималниот број на денови во текот на кои e-mail пораките или другите испратени содржини ќе бидат задржани од страна на Услугата.
б. максималниот број на e-mail пораки кои може да се испратат од или да се примат на некој акаунт на Услугата.
в. максималната големина на некоја порака која може да се испрати или да се прими на некој акаунт на Услугата е 40 MB (во зависност од типот на Интернет конекцијата).

г. максималниот простор на дискот кој може да го користи корисникот за неговиот акаунт на домен Македонски Телеком @t-home.mk е 200MB, а за сопствен домен е 1 GB по mail акаунт. За услугата Хостирана деловна пошта, максималниот простор на дискот кој може да го користи корисникот е дефиниран со типот на акаунт кој го користи (стандарден – 2 GB и професионален – 10 GB) .

д. преку серверите на Македонски Телеком може да се испрати порака на максимум 50 приматели истовремено.

ѓ. Македонски Телеком го задржува правото, за Webmail услугата (@t-home.mk и username@imenafirma.com.mk), да ги избрише сите пораки во TRASH фолдерот на секои 5 дена.

е. доколку e-mail адресата на корисникот завршува на @t-home.mk, пораките од Spam фолдерот автоматски се бришат на 3 дена.

ж. доколку e-mail адресата на корисникот е на сопствен домен (username@imenafirma.com.mk) или е во рамките на услугата Хостирана деловна пошта, пораките од Spam фолдерот автоматски се бришат на 6 дена.

з. e-mail акаунтот на корисникот на e-mail адреса на “@t-home.mk” со кој корисникот се нема логирано повеќе од 9 месеци ќе биде блокиран без да се избришат неговите пораки и корисникот нема да биде во можност да прима и да праќа пораки.

ѕ. e-mail акаунтот на корисникот на e-mail адреса на “@t-home.mk” со кој корисникот се нема логирано повеќе од 12 месеци ќе биде избришан и сите пораки, фолдери и контакти ќе бидат избришани.

и. повторно активирање на блокиран e-mail акаунт ќе може да се обезбеди со јавување на бесплатниот телефонски број 0800 12345, во рок од 90 дена, со наведување на корисничкото име и лозинката. По истекот на периодот од 90 дена од денот на блокирање, блокираниот e-mail акаунт ќе биде избришан и може да биде доделен на друг корисник.

2. Корисникот се согласува дека Македонски Телеком не сноси одговорност за бришење или неуспешно зачувување на пораки и други комуникации или други Содржини кои се одржуваат или се пренесуваат преку Услугата.

3. Корисникот е свесен дека Македонски Телеком го задржува правото да ги одјави акаунтите кои се неактивни подолг временски период.

4. Точките 2. и 3. не важат за услугата Хостирана деловна пошта односно за услугата Хостирана деловна пошта, Македонски Телеком ќе обезбеди сè што е во негова можност за да испорача услуга во согласност со функционалностите и квалитетот на истата дефинирани во корисничкото барање за нејзино користење. Македонски Телеком се оградува од обезбедување на функционалностите и квалитетот на услугата Хостирана деловна пошта на страната на Клиентот (најразлични софтверски алатки, клиентски подесувања, конфигурации на интернет конекцијата и слично можат да го деградираат или да го оневозможат нејзиното функционирање).

5. Исто така, корисникот е свесен дека Македонски Телеком го задржува правото повремено да ги менува овие општи практики и ограничувања.

Во документот „Упатство за користење на webmail“ се опишани можностите кои ги нуди Webmail услугата за користење на e-mail преку веб страницата www.webmail.t-home.mk.

Во документот „Упатство за користење на anti-spam заштитата“ детално е опишан начинот на користење на anti-spam заштитата. Документите се поставени на страницата www.webmail.t-home.mk.

Во документите „Прирачник за крајните корисници на решението Хостирана деловна пошта” и “Прирачник за администраторите на домен за решението Хостирана деловна

пошта“ се опишани можностите и подесувањата кои ги нуди услугата Хостирана деловна пошта за користење на e-mail преку веб страницата https://www.mail.imenafirma.com.mk.и сите поддржани клиенти од услугата.

## 9. Блокирање и укинување

1. Корисникот се согласува дека Македонски Телеком може, под одредени услови и без претходно известување, веднаш да го укине неговиот Македонски Телеком акаунт, сите поврзани e-mail адреси и пристапот до услугата. Причините за таквото укинување вклучуваат, но не се ограничени на:
   - кршење или прекршување на Општите услови, или други вклучени договори односно упатства,
   - барања од органите за спроведување на законот или од други државни органи,
   - на барање на корисникот (самоиницијативно бришење на акаунт),
   - прекинување на материјалните промени на Услугата (или некој нејзин дел),
   - неочекувани технички или безбедносни прашања или проблеми,
   - продолжени периоди на неактивност,
   - вклученост во измамнички или незаконски активности, и/или
   - неплаќање на какви било надоместоци кои корисникот ги должи во врска со Услугите (e-mail адресите од Webmail услугата од типот username@imenafirma.com.mk имаат годишна претплата, а e-mail адресите од услугата Хостирана деловна пошта имаат месечна претплата)

2. Укинувањето (одјавување) на Македонски Телеком акаунтот на корисникот вклучува:
   - оневозможување на пристап до сите понуди (сервиси) вклучени во Услугата,
   - бришење на корисничкото име на корисникот и сите информации, фајлови и содржини поврзани со или содржани во вашиот акаунт (или некој негов дел), и
   - забрана на понатамошно користење на Услугата.

3. Блокирањето на Македонски Телеком e-mail акаунтот на корисникот:
- за Webmail услугата не вклучува бришење на корисничкото име и лозинката, но корисникот не е во можност да се најави на неговиот акаунт, да прима и да праќа пораки. Во овој случај, се чека на одговор на корисникот за повторно активирање.
- за услугата Хостирана деловна пошта не вклучува бришење на корисничкото име и лозинката, но корисникот не е во можност да се најави на неговиот акаунт. Корисникот може да прима, но не и да праќа пораки и во овој случај се чека на одговор на корисникот за повторно активирање.

4. Исто така, корисникот се согласува дека сите укинувања заради одредена причина се дискреционо право на Македонски Телеком и дека Македонски Телеком нема да му одговара на истиот или на која било трета страна за какво било укинување на акаунт, поврзани e-mail адреси или пристап до услугата.

## 10. Промени на услугата

Македонски Телеком го задржува правото во било кое време и повремено да ја менува или да ја прекинува Услугата (или некој нејзин дел), привремено или постојано,со или без претходно известување. Корисникот се согласува дека Македонски Телеком не му е одговорен нему или на која било трета страна за каква било промена, привремен или траен прекин на Услугата.

Исклучок од ваквото однесување е услугата Хостирана деловна пошта за која Македонски Телеком ќе обезбеди сѐ што е во негова можност за да испорача услуга во согласност со функционалностите и квалитетот на истата дефинирани во корисничкото барање за нејзино користење.

# 11. Ограничување од одговорност

КОРИСНИКОТ РАЗБИРА И СЕ СОГЛАСУВА ДЕКА Македонски Телеком НЕМА ОДГОВОРНОСТ КОН НЕГО/НЕА ЗА КАКВА БИЛО ДИРЕКТНА, ИНДИРЕКТНА, ИНЦИДЕНТНА ИЛИ ПОСЕБНА ШТЕТА, ШТЕТА КАКО РЕЗУЛТАТ НА ОКОЛНОСТИ ИЛИ ДРУГА ШТЕТА, ВКЛУЧУВАЈЌИ НО НЕ ОГРАНИЧУВАЈЌИ СЕ НА ШТЕТА ЗА ЗАГУБА НА ПРОФИТ, ДОБРА ВОЛЈА, УПОТРЕБА, ПОДАТОЦИ ИЛИ ДРУГА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА (ДУРИ И АКО Македонски Телеком БИЛ ИЗВЕСТЕН ЗА МОЖНОСТА ЗА ТАКВА ШТЕТА), КАКО РЕЗУЛТАТ НА:

- КОРИСТЕЊЕТО ИЛИ НЕМОЖНОСТА ДА СЕ КОРИСТИ УСЛУГАТА
- ТРОШОЦИТЕ ЗА НАБАВКА НА ДОБРА И УСЛУГИ ЗА ЗАМЕНА НАСТАНАТИ ПОРАДИ КАКВИ БИЛО НАБАВЕНИ ИЛИ ДОБИЕНИ ДОБРА, ПОДАТОЦИ, ИНФОРМАЦИИ ИЛИ ПРИМЕНИ УСЛУГИ ИЛИ ПОРАКИ ИЛИ ТРАНСАКЦИИ ВО КОИ, ПРЕКУ КОИ ИЛИ ОД КОИ КОРИСНИКОТ СЕ ВКЛУЧИЛ СО УСЛУГАТА
- НЕОВЛАСТЕН ПРИСТАП ДО ИЛИ ИЗМЕНА НА ПРЕНОСОТ ИЛИ ПОДАТОЦИТЕ НА КОРИСНИКОТ
- ИЗЈАВИ ИЛИ ДЕЈСТВИЈА ПОВРЗАНИ СО УСЛУГАТА НА КОИ БИЛО ТРЕТИ СТРАНИ, ИЛИ
- ДРУГИ РАБОТИ ПОВРЗАНИ СО УСЛУГАТА.

# 12. Непризнавање на гаранции

Корисникот јасно разбира и се согласува дека:

1. Користењето на Услугата е на негов личен ризик. Услугата се обезбедува „како што е“ и „како што е достапна”. Македонски Телеком јасно нагласува дека не признава гаранции од каков било вид, независно од тоа дали истите се експлицитни или

имплицитни, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на имплицитните гаранции за можност за пласман, погодност за одредена цел и непрекршување на права

2. Македонски Телеком не дава гаранции дека:
   i. Услугата ќе ги задоволи корисничките барања,
   ii. Услугата ќе биде непрекината, навремена, сигурна, или пак без грешки,
   iii. Резултатите кои можат да се постигнат со користењето на Услугата ќе бидат прецизни и сигурни,
   iv. квалитетот на кои било производи, услуги, информации, или други материјали кои корисникот ги купил или ги добил преку Услугата ќе ги задоволи корисничките очекувања, и
   v. дека какви било грешки во Софтверот ќе бидат коригирани.

3. Двете претходни точки не важат за услугата Хостирана деловна пошта. За услугата Хостирана деловна пошта, Македонски Телеком ќе обезбеди сè што е во негова можност за да испорача услуга во согласност со функционалностите и квалитетот на истата дефинирани во корисничкото барање за нејзино користење. Македонски Телеком се оградува од обезбедување на функционалностите и квалитетот на услугата Хостирана деловна пошта на страната на Клиентот (најразлични софтверски алатки, клиентски подесувања, конфигурации на интернет конекцијата и слично можат да го деградираат или да го оневозможат нејзиното функционирање).

4. Секое симнување на материјал или добивање на истиот на друг начин преку користење на Услугата е со сопствена волја и ризик на корисникот и само корисникот ќе биде одговорен за каква било штета што настанала на неговиот компјутерски систем или какво било губење на податоци како резултат на симнувањето на таквиот материјал.

5. Каков било совет или информација, независно дали е во усна или писмена форма, која корисникот ја добил од Македонски Телеком или од Услугата нема да претставува гаранција, доколку не е јасно наведена во Општите услови за користење и безбедност на онлајн услугите и e-mail сервисите на Македонски Телеком.

## 13. Посебни предупредувања при користење на e-mail сервисите

**1. Трансакции со адвертајзери**

Кореспонденцијата или деловните трансакции на корисникот со, или учество во промоции на адвертајзери најдени на или преку Услугата, вклучувајќи плаќање и достава на соодветните производи или услуги, и било кои други услови, гаранции или пред-договори, се регулираат единствено помеѓу корисникот и адвертајзерот. Корисникот се согласува дека Македонски Телеком не е одговорен за каква било штета или загуба предизвикана како резултат на таквите трансакции или како резултат на присуството на таквите адвертајзери на Услугата.

**2. Линкови**

Услугата или трета страна може да обезбеди линкови до други www страници или ресурси. Бидејќи Македонски Телеком нема контрола над таквите страници и ресурси, корисникот потврдува и се согласува дека Македонски Телеком не е одговорен за достапноста на таквите надворешни страници или ресурси и не поддржува и не е одговорен за каква било Содржина, реклама, производ или други материјали на или расположливи од таквите страници или ресурси. Корисникот исто така потврдува и се согласува дека Македонски Телеком не е одговорен, директно или индиректно, за каква било штета или загуба која е предизвикана или за која се претпоставува дека е предизвикана со или во врска со користењето или веродостојноста на каква било

Содржина, производи или услуги достапни преку таквите страници или ресурси.

**3. За услуги поврзани со финансиски прашања**
Доколку корисникот планира да создаде или да се приклучи на каква било услуга, да прима или да бара какви било вести, пораки, известувања или други информации од Услугата кои се однесуваат на компании, берзански извештаи, инвестиции или хартии од вредност, задолжително треба повторно да ги прочита Деловите 11 и 12. Тие важат двојно за корисникот. Дополнително, особено за овој вид на информации, фразата „Инвеститорот не внимава" е соодветна. Услуга се обезбедува само за информативни цели и каква било Содржина не е наменета за тргување или за инвестирање. Македонски  Телеком и корисниците на лиценците на Македонски Телеком не се одговорни или правно одговорни за точноста, корисноста или достапноста на какви било информации пренесени или ставени на располагање преку Услугата и не се одговорни или правно одговорни за какви било одлуки поврзани со трговија или инвестиции донесени врз основа на таквите информации.

## 14. Оштета

Корисникот се согласува да го обесштети и да го смета Македонски Телеком и сите негови подружници, филијали, директори, агенти, страни кои го користат брендот на Македонски Телеком или други партнери и вработени за неподложни на какви било побарувања, вклучувајќи и обесштетување за разумните адвокатски такси кои се предизвикани од која било трета страна заради или како резултат на Содржината која корисникот ќе ја достави, објави, пренесе или стави на располагање преку неговата Услуга, неговото користење на услугата, неговата конекција до Услугата, прекршувањето Општите услови од негова страна или кршење на какви било права на други страни.

## 15.Известување

1. Македонски Телеком може да ги известува корисниците, вклучувајќи ги и оние известувања кои се однесуваат на измените во Општите услови, по e-mail, обична пошта или преку објави на Услугата.

2. Македонски Телеком има право да го користи корисничкиот e-mail акаунт за комуникација и информирање, во интерес на корисничките потреби, а во согласност со Општите услови за приватност на онлајн барања и законите на РМ.

## 16.Завршни одредби

Овие Општи услови претставуваат дополнување на Договорот помеѓу корисникот и Македонски Телеком и надвладуваат над какви било претходни договори помеѓу корисникот и Македонски Телеком во однос на Услугата. Исто така, можат да бидат дефинирани и дополнителни услови кои можат да важат кога корисниците користат или набавуваат одредени други услуги од Македонски Телеком, услуги од подружници, содржина од трети страни или софтвер на трети страни. Нема право на наследство и пренесување. Корисникот се согласува дека Македонски Телеком акаунтот не може да се пренесе и какви било права на Македонски Телеком акаунтот или содржината во акаунтот престануваат по смртта на корисникот. По добивање на примерок на извод од матична книга на умрени, акаунтот може да се укине и целата содржина на истиот трајно се брише.

## Статутарни ограничувања

За сè она што не е предвидено со овие Општи услови ќе важат одредбите од Законот за Облигации (Сл. Весник 18/2001) .

### Информации за контакти

Коментарите на корисниците во врска со овие Општи услови за користење и безбедност на онлине услугите и e-mail севрвисите на Македонски Телеком се добредојдени. Доколку корисникот има прашања или доколку смета дека Македонски Телеком не се придржува на правилата дефинирани во него, може да контактира со службата за Односи со корисници на 0800 12345. Корисникот е должен да пријави какви било прекршувања на Општите услови на службата за Односи со корисници на 0800 12345 (достапна 24 часа).

### Известување и согласност

Општите услови заедно со неговите додатоци се однесуваат на постојните и идните корисници на услугите на Македонски Телеком . Општите услови заедно со додатоците ќе бидат изложени во сите продажни салони на Македонски Телеком, но исто така и на веб страната на Македонски Телеком http://t-home.mk/ во делот Упатства од секцијата Корисничка поддршка.

# Политика на Македонски Телеком АД - Скопје за Anti-Spam (спречување на несакана електронска пошта)

## 1. Општи одредби

1. SPAM - Electronic junk mail (бескорисни електронски пораки) или Junk newsgroup postings (бескорисни вести и реклами). Може да се дефинира и како неовластено и/или небарано масовно испраќање на електронски пораки.

2. Македонски Телеком АД (Македонски Телеком) го забранува користењето на услугите на Македонски Телеком на кој било начин во врска со пренесување, дистрибуирање или доставување на несакана bulk или несакана комерцијална електронска пошта („Spam”).

3. Корисникот на услугите на Македонски Телеком не смее да ги користи истите за испраќање на Spam. Исто така, не смее да доставува Spam или да предизвика Spam да биде доставен до која било од Македонски Телеком услугите на Македонски Телеком или корисниците на Македонски Телеком.

4. Македонски Телеком не одобрува пренесување на електронска пошта од страна на сервер за електронска пошта на трето лице без дозвола на тоа трето лице. Ова вклучува какви било промотивни материјали, URL, „Junk Mail”, „Chain Letters”, „пирамидални измами” или која било друга форма на неовластено соопштение кое може да се стави на интернет (upload), да се објави, да се испрати по електронска пошта, да се пренесе или да се направи достапно на кој било друг начин. Македонски Телеком не одобрува прибирање, минирање или собирање на адреси на електронска пошта или други

информации од или преку услугите на Македонски Телеком. Македонски Телеком нема да дозволи или да одобри на други неовластени лица да ги користат услугите на Македонски Телеком за собирање, акумулирање или добивање на какви било информации за неговите корисници или претплатници, вклучувајќи ги и, но не ограничувајќи се на адресите од електронската пошта на претплатниците кои се доверливи информации и се сопственост на Македонски Телеком.
Користењето на услугите на Македонски Телеком е исто така предмет и на Политиката за приватност на Македонски Телеком и на Општите услови за користење на e-mail услугите на Македонски Телеком.
Македонски Телеком нема да дозволи или да одобри каков било обид за користење на услугите на Македонски Телеком на начин кој би
можел да му наштети, да онеспособи, преоптовари или повреди кој било аспект на некоја од услугите на Македонски Телеком или кој би можел да се вмеша во користењето или уживањето на која било услуга на Македонски Телеком на друго лице.

5. Во прилог на тоа, електронската пошта која е испратена или која е предизвикано да биде испратена до или преку услугите на Македонски Телеком ќе се смета како несакана електронска пошта, доколку:

- користи или содржи невалидни или лажни заглавија.
- користи или содржи невалидни или непостоечки имиња на домени.
- применува каква било техника за да претстави на друг начин, да скрие или да направи нејасна каква било информација при идентификувањето на местото на потекло или патеката на пренос.
- користи други средства на измамничко адресирање.
- користи име на интернет домен на трето лице за да биде пренесена од или преку опрема на трето лице, без дозвола од третото лице.
- содржи лажни информации или информации кои даваат погрешна насока во полето за subject или на друг начин содржи лажна содржина или содржина која

содржи погрешна насока.
- не успее да соодветствува со дополнителните технички стандарди опишани подолу.
- на друг начин ги повредува Условите за користење на услугите на Македонски Телеком .

## 2. Посебни одредби

1. Доколку Македонски Телеком констатира дека се врши неодобрено или несоодветно користење на која било услуга на Македонски Телеком , МКТ има право, без известување, да преземе активности кои по својата сопствена дискреција ги смета за соодветни, вклучувајќи блокирање на пораки од определен домен на интернет, сервер за електронска пошта или IP адреса.

2. Македонски Телеком има право веднаш да го укине кој било акаунт на која било услуга на Македонски Телеком за која по своја сопствена дискреција ќе определи дека пренесува или на друг начин е поврзана со која било електронска пошта која ја повредува оваа политика.

3. Попречување на нормалниот тек на Интернет дијалог и какво било неовластено користење на компјутерските системи на Македонски Телеком претставува повреда на Условите за користење на услугите на Македонски Телеком и Општата политика за Spam.

## 3. Завршни одредби

Ништо во оваа политика не е наменето за доделување на какво било право за пренесување или испраќање на електронска пошта до или преку услугите на Македонски Телеком. Доколку не се примени оваа политика во секој нејзин дел, тоа

нема да се смета за откажување на правото на Македонски Телеком за примена на своите права во иднина.
Неовластено користење на услугите на Македонски Телеком во врска со преносот на несакана електронска пошта, вклучувајќи и повреда на одредбите содржани во оваа политика може да резултира со граѓански, кривични или административни постапки против испраќачот и оние кои тоа му го овозможиле. Ве молиме да ги пријавите повредите на оваа Општа политика за Spam.

## 4. Како да се пријави несакана електронска пошта?

Доколку корисникот сака да пријави несакана електронска пошта, треба да ги следи следните упатства:

1. Доколку корисникот добие електронска пошта од некого (или компанија) кого не го познава, не треба да праќа одговор на испраќачот, дури ни за опцијата отпретплатување - unsubscribe, и не треба да следи какви било инструкции за отстранување кои може да бидат вклучени во нивната електронска пошта. Наместо тоа, несаканата електронската пошта треба да се пријави во Македонски Телеком. Македонски Телеком детално ги следи пораките кои ги пријавуваат корисниците за да ги открие најновите трикови и техники кои поединците и компаниите (наречени спамери) ги користат за да се обидат да ги избегнат нашите филтри за несакана електронска пошта. Со тие информации, Македонски Телеком може да ги ажурира филтрите кои спречуваат слични пораки повторно да стигнат во корисничкото сандаче.

2. Доколку spam или злоупотребувачката електронска пошта е испратена од e-mail акаунт од e-mail сервисите на Македонски Телеком, пријавата ќе добие посебно внимание. Македонски Телеком ќе ја оцени пораката и ќе преземе соодветни активности според Општите услови за безбедност за користење на e-mail сервисите на

Македонски Телеком и Основната политика за Anti Spam.

3. Пријавувањето треба да го извршите на следната e-mail адреса: support@t-home.mk Политика за приватност на податоците при користење на e-mail сервисите и онлајн услугите на Македонски Телеком (Политика за приватност)

# Политика за приватност на податоците при користење на e-mail сервисите и онлајн услугите на Македонски Телеком (Политика за приватност)

Македонски Телеком ја почитува Вашата приватност и ги заштитува Вашите лични податоци. Ве молите прочитајте ја следната содржина за да дознаете повеќе за нашата Политика за приватност на веб страниците на Македонски Телеком.

## Член 1
## Предмет на Политиката за приватност

1. Оваа политика се однесува на начинот на кој Македонски Телеком ги обработува личните и други податоци преку кои може да се изврши лична идентификација како што се Вашето име и презиме, единствениот матичен број, број на лична карта, даночен број, телефонскиот број, адреса, e-mail адреса, како и дополнителни демографски информации кои инаку не се јавно достапни, вклучувајќи ги и информациите во врска со Вашето користење на производите и услугите на Македонски Телеком.

2. Личен податок е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува, а лице кое може да се

идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно.

3. Оваа политика не се однесува на компаниите кои Македонски Телеком не ги поседува или контролира или на луѓе кои не се вработени во Македонски Телеком или со кои Македонски Телеком не раководи. Освен тоа, одредени компании поврзани со Македонски Телеком имаат сопствени политики за приватност кои можат да се видат со кликнување на нивните линкови.

## Член 2
## Собирање лични податоци

1. Македонски Телеком ги собира и ги обработува Вашите лични податоци кога се регистрирате како корисник на неговите производи и услуги, кога се регистрирате онлајн на неговите веб страници како корисник на онлајн услугите, кога ги посетувате неговите веб страници или веб страниците на одредени партнери на Македонски Телеком, како и кога учествувате во промоции или наградни игри организирани од Македонски Телеком. Македонски Телеком може да Ве регистрира како корисник на производите и услугите преку дефинираните продажни места како и онлајн преку своите страници дефинирани за регистрација.

2. Кога се регистрирате, од Вас бараме лични податоци, а соодветно на потребите и услугите, Македонски Телеком може да побара и дополнителни податоци.

3. Кога се регистрирате онлајн, посебно кога е потребен пренос на строго доверливи информации, Македонски Телеком го заштитува протокот на Вашите лични податоци преку мрежата со SSL протоколот за заштита на информации.

4. Македонски Телеком собира информации за Вашите трансакции со него и со неговите деловни партнери, вклучувајќи ги и информациите за плаќањето на производите и услугите кои ги нуди.

5. Македонски Телеком може да прибира информации за Вашата посета, вклучувајќи ги страните кои ги гледате, линковите на кои кликнувате и други активности поврзани со сајтовите и услугите на Македонски Телеком и може да прави записи на активноста на корисникот.

6. Ве молиме да имате предвид дека во случај да откриете лични податоци преку групите на Македонски Телеком или други јавни онлајн форуми, истите може да ги приберат и да ги користат и други. Затоа, Ве советуваме и Ве предупредуваме да не ги откривате своите лични податоци онлајн на непознати, со цел да се спречи нивно неовластено користење или злоупотреба.

## Член 3
## Употреба, споделување и откривање на информации

1. Македонски Телеком ги собира и ги обработува Вашите лични податоци за:
   - Склучување, надзор и престанок на претплатничките договори, вклучително и исполнување на преземените договорни обврски
   - Подобрување на услугите
   - Наплата на услугите
   - Подготовка и издавање на телефонски именици врз основа на Ваша изречна согласност
   - Прикажување на персонализирани содржини и промотивни материјали (реклами) соодветно на вашите интереси, врз основа на Ваша изречна согласност

- Спроведување истражувања за производите и услугите кои ќе придонесат за подобрување на услугите кон Вас.

2. Македонски Телеком ги користи Вашите лични податоци и Вашите Македонски Телеком e-mail акаунти за да комуницира со Вас. Тоа значи дека Македонски Телеком:

- Може да праќа одредени задолжителни известувања и писма како што се писма за добредојде, опомени за плаќање, информации за прашања за технички услуги и известувања за безбедност, електронски писма на Вашата e-mail адреса за известување во процесот на регистрација за одреден негов производ или услуга, и сл.
- Може да праќа периодични писма до корисниците, кои се сметаат за дел од услугата на Македонски Телеком
- Може повремено да Ви испрати промотивни електронски писма со цел да Ве информира за други и нови производи или услуги на располагање од Македонски Телеком, при што го задржувате правото повратно да нѐ известите дека во иднина не сакате повеќе да добивате информации од ваков тип.

3. Македонски Телеком ги обработува Вашите лични податоци единствено за целите за кои се собрани, а кои се подетално опишани во точка 1 од овој член. Македонски Телеком може да врши обработка и за други цели врз основа на Ваша согласност или во следните случаи:

- Обработка на лични податоци од страна на партнери од доверба кои работат во име на или со Македонски Телеком, врз основа на договори за обработка на податоци со кои се обврзуваат на сигурност и тајност на личните податоци. Овие компании, во име и за сметка на Македонски Телеком можат да ги користат Вашите лични податоци за да комуницираат со Вас за понуди на производи и услуги на Македонски Телеком. Овие компании можат да ги обработуваат Вашите лични податоци во согласност со насоките што ги добиваат од Македонски Телеком. Тие

немаат право да вршат обработка на Вашите лични податоци за цели кои не се во согласност со договорената деловна соработка.

- Обработка на лични податоци од страна на надлежни органи врз основа на судски налог и во судски постапки каде што постои законска основа за тоа.
- Вашите лични податоци може да бидат дадени на понатамошна обработка на друго правно лице доколку се промени правниот субјективитет на Македонски Телеком (спојување со или припојување кон друга компанија). Во овој случај, Македонски Телеком ќе Ве извести пред Вашите податоци да бидат дадени на обработка на новиот правен субјект и пред нивната обработка да стане предмет на поинаква Политика за приватност.

## Член 4
## Користење на Cookies

Cookie е мал фајл со текст кој е ставен на Вашиот хард диск од страна на Вашиот сервер на веб страницата. Cookies содржат  информации кои можат да бидат прочитани подоцна од веб серверот во доменот кој Ви го издава cookie. Cookies не можат да се користат за работење со програми или пак да пренесат вируси на Вашиот компјутер.

1. Македонски Телеком користи “cookies” за да Ви овозможи да се пријавите на услугите на  Македонски Телеком и да Ви помогне да го персонализирате Вашето онлајн искуство.

2. Македонски Телеком може да ги постави и да има пристап до cookies на Македонски Телеком на Вашиот компјутер.

3. Македонски Телеком обезбедува рекламен простор на своите веб страници за други

компании. Некои од овие реклами на други компании може да поставуваат cookies и да имаат пристап до нив на Вашиот компјутер. Употребата на cookies од страна на други компании е предмет на нивни сопствени политики за приватност, а не на овие Општи услови. Огласувачите или другите компании немаат пристап до cookies на Македонски Телеком. Македонски Телеком нема пристап до cookies кои може да бидат поставени на Вашиот компјутер од рекламните мрежи на други компании.

## Член 5
## Контрола на Вашите e-mail акаунти и Вашите информации

1. Може да извршите промена на информациите од Вашите Account-и преку www.webmail.t-home.mk или https://www.mail.imenafirma.com.mk, како и да ги промените Вашите преференци за вршење на директен маркетинг во кое било време преку пристап до веб страницата Мој Телеком.

2. Го задржуваме правото да Ви испраќаме одредени известувања кои се поврзани со услугите на Македонски Телеком, како што се објави за услуги, административни пораки и информации и известувања кои се сметаат за дел од Вашите Македонски Телеком акаунти, и за нив не се нуди можност да одберете да не Ви пристигнуваат.

3. За бришење на Вашите акаунти во Македонски Телеком потребно е да се обратите во Службата за односи со корисници на бесплатниот телефонски број 0800 12345.

## Член 6
## Доверливост и безбедност

1. Пристапот до Вашите лични податоци во Македонски Телеком е ограничен на оние вработени за кои сметаме дека имаат реална потреба да дојдат во контакт со тие податоци со цел да Ви овозможат да ги добиете бараните услуги или производи.

2. Ги преземаме сите потребни технички и организациски мерки за обезбедување на сигурност и тајност на Вашите лични податоци, сѐ во согласност со постојните законски прописи од оваа област, со цел да ги заштитиме истите од неовластен пристап, неовластено откривање, неовластена обработка или злоупотреба.

3. Кога пренесуваме чувствителни податоци (како број на кредитна картичка или лозинка) преку Интернет, ги штитиме преку користење на шифрирање, како Secure Socket Layer (SSL) протоколот.

## Член 7
## Контролирање на „Spam” или несакана електронска пошта

1. Македонски Телеком има строга политика која забранува користење на Македонски Телеком e-mail акаунти за испраќање на spam. За повеќе информации прочитајте ја „Политиката на Македонски Телеком за Anti-Spam”.

2. Македонски Телеком продолжува активно да имплементира нови технологии за филтрирање, но имајте предвид дека сѐ уште не постои достапна алатка која целосно би го спречила испраќањето и примањето на несакана електронска пошта.

## Член 8
## Промени на оваа Политика за приватност

1. Македонски Телеком може во секое време да ја измени и дополни оваа Политика. За секое нејзино менување или дополнување ќе поставиме видливо известување на нашиот сајт http://t-home.mk.

## Член 9
## Информации и контакти

1. Вашите коментари во врска со оваа Политика за приватност се добредојдени.

2. Доколку имате какви било прашања или предлози во врска со оваа Политика или сметате дека не ја применуваме, Ве молиме контактирајте со Офицерот за заштита на лични податоци на Македонски Телеком на +389 3242111.или на e-mail адреса: data_protection@telekom.mk.

Техничка поддршка на 080012345

За повеќе информации 0800 10800

www.telekom.mk

Сподели доживувања